Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 10-350/2
Дата: 12-05-2023

[redacted]

Предмет: Одговор на Барање пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, од Ваша страна, по електронски пат, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено со наш архивски број 10-350/1 од 10.05.2023 година.

Во продолжение бараните информации, согласно Вашето барање:

1. **За каков вид на дискриминација најмногу ви стигнуваат поплаки од работниците?**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, до моментот на поставеното од Ваша страна прашање, има примено вкупно 201 претставки во кои подносителите како област на потенцијална дискриминација ја селектирале „работата и работните односи“, од кои во 178 претставки подносителите конкретно ја посочиле оваа област, додека во 23 подносителите селектирале повеќе области, меѓу кои и работата и работните односи.

Подносителите на претставки за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи како најчести основи за дискриминација ги пријавиле следните:

- Лично својство и општествен статус во 48 претставки;
- Политичко уверување во 42 претставки;
- Национална или етничка припадност во 39 претставки;
- Образование во 28 претставки;
- Пол во 13 претставки и
- Возраст во 13 претставки.

Поднесени се претставки за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи и врз 14 други основи на дискриминација и тоа:

- Род (7 претставки),
- Социјално потекло (7 претставки),
- Друго уверување (7 претставки),
- Јазик (5 претставки),
- Здравствена состојба (5 претставки),
- Религија или верско уверување (4 претставки),
- Попреченост (4 претставки),
- Семејна или брачна состојба (4 претставки),
- Родов идентитет (3 претставки),
- Државјанство (3 претставки),
- Потекло (2 претставки),
- Имотен статус (2 претставки),
- Раса (1 претставка) и
- Припадност на маргинализирана група (1 претставка).

Во 43 претставки подносителите сметале дека се дискриминирани врз две или повеќе основи на дискриминација.

2. **Дали повеќе од работниците кои пријавуваат дискриминација се од приватниот или јавниот сектор?**

Најголемиот број од поднесените претставки до Комисијата за спречување и заштита од дискриминацијана во областа на работата и работните односи се во јавниот сектор (177 претставки, или 88%) – против правните лица, односно против раководните лица на правното лице или други вработени во правното лице (хиерархиски претпоставени на подносителот или други вработени).

Досега Комисијата за спречување и заштита од дискриминација има утврдено дискриминација во областа на работата и работните односи во **вкупно 35 случаи**, и тоа **32 во јавниот сектор** и **3 во приватниот сектор**, а е утврдена како:

- Директна дискриминација во 16 случаи;
- Директна продолжена дискриминација во 3 случаи;
- Директна дискриминација и вознемирување во 1 случај;
- Директна и продолжена дискриминација, вознемирување на работно место и виктимизација во 1 случај;
- Директна и индиректна дискриминација во 3 случаи;
- Вознемирување во 8 случаи;
- Продолжено вознемирување во 1 случај;
- Индиректна дискриминација во 1 случај и
- Индиректна продолжена дискриминација во 1 случај.

Предметите по поднесена претставка во кои Комисијата за спречување и заштита од дискриминација има утврдено дискриминација во областа на работните односи најчесто биле врз основа на лично својство и општествен статус и врз основа на политичко уверување.

Ви стоиме на располагање за сите дополнителни информации.

Со почит,

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери